ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **24.04.2023 година** во 08:00 часот во Мала сала на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, секретар на Општина Крива Паланка **Антонио Давитковски,** раководител на сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски,** раководител на сектор за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комуналната инфраструктура **Маја Костадиновска,** раководител на одделение за правни и општи работи **Даниела Велковска,** раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, раководител на одделение за човечки ресурси **Игор Додевски,** раководител на одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски,**раководител на Одделение за финансиски прашања **Марија Златановска**,директорот на ЈП „Комуналец“ **Миле Марковски, с**оветник за јавни набавки и работи за седници на Совет **Биљана Тасевска, с**оветник за правни работи и застапување **Сања Стојановска** и **Драган Цвијовиќ**-поддршка на градоначалникот.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиумот со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

<u>**Секретар на Општина Крива Паланка**</u>

Задолженија на Секретарот на Општина кои треба да ги изврши во наредниот период , а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.04.2023 година.

-Да се преземат обврските околу постапката и начинот за продавање на парцелите на Калин Камен и Треска(да се иницира и координира постапка со носење на одлуки на седница на Совет за 19.05.2023 година);

-Да се кординира околу осветлувањето кај паркинг Единство,конопница пат и косината кај Кафеана Борче;

-Да се превземе контрола и да се направи пресек околу барањата поднесени од страна на од граѓаните и да се потапи со ургентно решавање по однос на истите;

-Да се закаже седница на Совет за 19.05.2023 година и за истата да се подготват следниве одлуки

-Одлука за комунален ред и тешки товарни возила;

-Одлука за Квартален извештај;

-Одлука за зонско паркирање;

-Одлука за продажба на парцелите на Калин Камен и Треска;

-Измена на програма и правилници;

-Да се направи координација со Кинеска Амбасада за донацијата дадена од нивна страна и за истата да бидат набавени канти за отпадоци во најкраток временски период;

-Канцеларијата на ОИК да биде ослободена и да се даде на користење на ЈП ,,Калин Камен’’;

-Во координација со ЕУ куќа да се организира крос за 9-ти Мај;

-Да се даде предлог понуда за давање под кирија кровот на спортската сала како опција за решавање на проблемот со затоплување ;

-Да се види со Косово за опремата за ТППЕ;

-Да се организираат работни состаноци со Дупница и Ќустендил за можноста за партнер општина со Р.Бугарија;

-Да се организира работата на службата за обезбедување при Општинската зграда;

-Инфо ден за новиот повик РСМ и Р. Србија да присуствуваат Мартин Николовски и Сашко Додевски;

-Да се види за проектот РОМАКТЕД и обезбедување на три понуди за детско игралиште во населба Единство;

-Да се види до каде е постапката со апликациите со Словенската Амбасада и Јапонската Амбасада;

-Задолжително вработените да ги користат картичките за почеток на работно време,користење на пауза и заминување од работа при секој влез и излез;

-Тековни активности.

**<u>Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој</u>**

Задолженија за Раководителот на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.04.2023 година

-Тековни активности

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Задолженија за раководителот на секторот за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комуналната инфаструктура кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.04.2023 година

1. На проектантските куќи да се направи целосен пресек и притисок да доставаат проектна документација по однос на зададените проектни задачи:

1. **Параметар**
   ( Урбанистички проекти за инфраструктура за водовод село Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци, Старечки дом, Треска)

2. **Аква**
( Водовод Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци)

3. **МГ Проект**
   (Инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови с. Конопница )

4. **Еуро Роад**
   Улица Моша Пијаде ( Осичка Мала)
   ( да се даде налог за проектирање на потпорни стени Ратко Минев, школо Илинден,улица Калин Камен )

5. **Ин пума**

Ургентно да се отпочне со постапка за проектирање за депонија за инертен отпад;

6. **24 Инг**

1.Сообраќаен проект за зонско паркирање да се испрати за согласност во МВР

**2.**Да се распишат сите јавни набавки предвидени според планот за јавни набавки за 2023 г.

**3**.Извештај во писмена форма по однос на постапката и динамиката на Генералниот Урбанистички План и Деталните Урбанистички Планови кои се во постапка(секој Понеделник)

**4.**Да се подготви во систем одобрение за градба за Градски мостови ( промена на проектна задача,наслов на проект)

-ПУМ трака

-Домачки Дол

-Повеќенаменско игралиште Мождивњак

-Детски Игралишта Единство,Метролошка,Илинденска,Болничка Ливада

**5.**Да се контактира со Параметар во врска со промена на проектната документација за ученчкиот дом Боро Менков прилагодена според барањата на МОН

**6.**Да се распише повик за давање под наем на куќички на градскиот плоштад и спортскиот комплекс

**7.** Да се контактира со ГИМ за промена на проектна документација за регулација на Дурачка река и сервисна улица

**8.** Да се започнат подготовки за водење на постапка за продажба на парцелите на Калин Камен и Треска / одлуки совет за давање на согласност за водење на постапка за продажба и измена на програма
**9.** Да се даде налог за извршување на тестеричка дезинсекција
**10** .Одлуката за Комунален ред да се подговти за наредната седница на Совет
**11**. Да се организира хоризонтално одбележување на улицата Јоаким Осоговски по нејзино асфалтирање
**12**. Да поведе постапка, иницијатива за УПВНМ за фотоволтаичен парк во село Мождивњак и за истсата потреба да се контактира со консултанската куќа - Наташа Бисмилоски
**13**. Прима Инжинеринг да си постапи по забелешките од МЖС истите да се корегираат и повторно да се побара водостопанска согласност за сервисната улица покрај Крива Река
**14**. Да се испорача цвеќе од набавката Розен центар( грчка сардела)
**15**. Да се види со барањето на АЛ пласт

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Задолженија за одделението за финансиски прашања кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.04.2023 година

- За месец Јуни да се вршат подготовки за ребаланс на Буџетот и да се направат соодветни анализи кои мерки и програми не се искористени и за истите да се направат промени онаму каде што е потребно;

-За месец Јуни на седница на Совет да се подготви одлука за зголемување на основачки влог ЈП Калин Камен за да може да отпочне со функционирање зонското паркирање;

-Тековни активности.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Задолженија за одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.04.2023 година

1.На проектантските куќи да се направи целосен пресек и притисок да достават проектна документација по однос на зададените проектни задачи:

**1.Параметар**
-( Урбанистички проекти за инфраструктура за водовод село Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци, да се изврши промена на насловот на проектната задача и промена на насловот на проектот за реконструкција на градските мостови)

**2.Аква**
**-**( Водовод Мождивњак,канализација населба Маневци и канализација населба Трнци, водовод Калин Камен, канализација населба Грамаѓе, исправка на прокетната документација за Домачки Дол)

**3.МГ Проект**

-(Инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови-Грамаѓе село Конопница

**4.Еуро Роад**

- Улица Моша Пијаде ( Осичка Мала)

( да се даде налог за проектирањена потпорни стени Ратко Минев, школо Илинден,улица Калин Камен )

**2.** Со фирмата Стоименов да започне со градежни активности на терен припреми за асфалтирање на улица Јоаким Осоговски, од Осички Мост до Мотел Македонија и да се земе во предвид решетка и одводнување атмосферска вода

**3.** Со фирмата КООП да се исконтактира за да се направи вовед во градба и истата да започне со градежни активности во населба Илинден, гребање на улиците. Истата фирма да изготви сообраќаен елаборат за времен режим.

4.Фирмата Стоименов да ги доврши сите започнати градежни активности како

- Позади тротоарите да го израмни просторот за да може да се посее со трева
- Ограда на Педо Белешка
- Бонде-Радица
- Мост кај Кантина
- Урбана Опрема
- Да се корегираат тротоарите каде имаат направено пропусти

5. Да се подготви во систем одобрение за градба за

-Градски мостови ( промена на проектна задача,наслов)

- ПУМ трака

-Домачки Дол

- Повеќенаменско игралиште Мождивњак

-Детски игралишта Метролошка,Илинденска,Болничка ливада,Единство

6.Фирмата Белешков да започне со градежни активности по дадениот налог за работа

-Скали Трновска Мала

-Бети советничка

7. Измена на проектна документација за  регулација на Дурачка река со сервисна улица ( да се исконтактира со ГИМ)
8. Фирмата Лабино да работи на терен со уредување на детските катчиња во населба Метролошка,Илинден,Болничка ливади ( подготвока за асфалтирање)
9. Да се постапи по неодговорените барања од граѓани и Месни заедници и да се даде соодветен одговор
10. Со надзорот да се организира работен состанок и да се изнајде предлог решение за улицата Климент Охридски и измена на проектната документација

11.Фирмата Лабино да започне со градежни активности на лицитеОсоговска,Баглачка, Климент измена во тек на градба, ваљање на просторот под зградите+гребаниот асфалт каде е однесен

12. Гребаниот асфалт од осички мост до мотел Македониија да се распореди на следните локации село Градец Милевци, село Кркља, улица позади Макпетрол

13. Да се распишат сите јавни набавки предвидени според планот за јавни набавки за 2023 за проектирање

14. Да се види за предметот за купопродажба на Пролетер

15. Да се изготви писмо со барање до ЈПДП за столбови+браници и обнова на хоризинтална сигнализација

16. Со Фирмата Лабино и надзорот да направи вовед во градба на улица Ристена Гоговска

17. Да се види за уште една дополнителна решетката кај Норма, има сеуште реакции од страна на граѓани

18. По афалтирање на улицата Јоаким Осоговски да се организира со фирмата Ердас местење на еластична ограда и одбележување со хоризинтална сигнализација

19. Да се следи реализацијата на патот во село Кркља

20. Да се види можна опција за скали на паркингот кај градскиот пазар

21. Да се даде налог за работа на машините по однос на барања од граѓани на ЈП Комуналец по договорот за зимско одржување

22. Да се види со ЈП Комуналец за обезбедување на црево за промена на азбесните цефки во населба Илинден

23. Да се види со ЈП Комуналец околу набавката на цефките за село Конопница .

- Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Задолженија за одделение за човечки ресурси кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.04.2023 година

-Тековни активности

**<u>Одделение за Локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Задолженија за одделение за локален економски развој и информатичка технологија кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.04.2023 година

1. Да се започнат подготовки околу организирање на свечена Академија и настан по повод на денот на св.Јоаким Крчовски и св.Кирил и Методиј 22 и 23.05.2023година;

2.Да се исконтактира со добитниците на наградите по повод настанот на Први Април за искористување на истите;

3.Да се види околу донација на Кинеската Амбасада за набавка на канти за отпадоци;

4.Да се превземат активности околу годишната оперативна програма;

-Прогласување на млад земјоделец/правилник

-Визуелен туристички водич

-Измените во делот на програмата за култура да се постапи по однос на истите

5. Да се кординира повикот за НВО и поднесените апликации и комисијата да се произнесе;

6. Да се стапи во контакт со Гордана од АМС за оточнување на постапка за отварање и опремување на младинска канцеларија;

7. Да се отпочнат активности од програмата за социјална и детска заштита за

- Изградба на пристапни рампи на лица со попреченост'
- Субвционирање на самохрани родители на деца за претстој во ОЈУДГ ''Детелинка ''
- Ослободување на семејствата за Бранители од сметките за комунални услуги.

8. Да се организира крос по повод 9-ти Мај заедничка активност со Европската куќа;

9. Да се задолжи Димитар Петровски и Даниела Милошевска за изготвување на Апликација задавање на грант за проектна документација повик од UNDP;

10. Да се изготват покани и известувања и истите да се достават за инфо ден ИПАРД 03.05.2023 – 14.00 часот, голема сала;

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Задолженија за одделение за правни и општи работи кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.04.2023 година

- Да се види до каде е постапка за овластување на Игор Ѓорѓиевски за Општински сообраќаен инспектор;

- Да се води постапката околу новата организација на Општина Крива Паланка и за истата да се организира работен состанок со раководителите пред пуштање на согласност во МИОА;

- Да се распише јавен оглас за давање под наем на школото во село Станци;

-Да се измени планот за јавни набавки и да се предвиди набавка за услуга за регистрација на возила;

- Да се разгледа правната можност за иницијативата еден денар за спорт од комуналните сметки на ЈП Комуналец за вода и ѓубрарина;

- Извештај по актуелни предмети за експроприации;

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Задолженија за одделение за инспекциски надзор кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.03.2023 година

-Да се подготват сите неопходни активности за подготовка на генералка викенд за 12 Мај(петок);

-Да се распише јавна набавка за униформи за комуналните редари;

-Да се направат напори ако може да се ангажираат 5 работници од социјално ранливи категории по програмата за општо корисна работа и да им се зголеми месечниот надоместок;

-Преземање мерки од страна на инспекциската служба на населението од населба Бегови Бавчи за начинот на фрлање отпа;

-Затворските работници да се ангажираат на садење каталпи кај касарна и уредување на косината кафеана Борче ,косината кај кафеана Облаче и школото кај с.Градец.;

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Задолженија за ЈП Комуналец кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.04.2023 година

**Сектор зеленило**

- Да се набави цвеќе од Градина Цвет и да започне со уредување на сите предвидени површини;
- Да не се остава искосената трва во речното корито и истата да не се фрла во река;
- Со фирмата Мелтон да се види околу дадениот налог за цветните декоративни фигури и истите да започнат да се поставуваат;
-Да се работи на сеење трева и уредување на просторот од спортскиот комплекс нагоре лево и деснои да се расчисти од крупен камен и гранки;

-Да се пуштат машините да работата на изнесување на гранките и рамнење на просторот
-Да се набават нови тримери за косење трева;
- Со затворските работници да се организира садење на дрворедот од касарна со каталпа;
- Да се види околу набавката на системот за наводнување,прскалки на косините и сите зелени површини, пумпи за речното корито и истиот да се инсталира;
- Да се постават летвички на останатите дрвца на кои не се поставени;
- Да се заврши со уредување на градскиот парк со декоративен бел и сив камен и со декоративни црвени дрвца и да се заменат оштетените зимзелени дрвца и украси;
-Да се започне со окројување на сите зимзелени декоративни дрвца парк,плоштад,клучки;
- Да се зацврстат јаворите од кафеана Облаче нагоре и да пополнат со земја.

**Сектор чистота**

**-** Да се врши редовно метење на површинете под контиењерите по сите споредни населени места;
- Да се започне со перење на споредните улици со цистерната;
- Да се стават максимално во функција тракторската метларка и метларката од БРАКО и истите да започнат со работа по направениот распоред од Ваша страна. Постојано се паркирани;
- Да се заврши уредувањењто на просторот кај складот и истиот да се огради со зелена мрежа. Да се однесат сите ствари за кои е донесена одлука на совет за продажба во отпад;
- Да се изврши метење на улицата во Куков дол и миење на истата;
- Да се направи генерално чистење на градската капела;
- Да се прави секојдневна контрола на метлачите на зададените задачи и на извршените( си заминуваат пред време од работа, доцнат со работа и кога се на споредните улици се кријат и не ги извршуваат зададените задачи);
- Слаба и незадоволителна е хигиената на централната улица од Единство до кафеана Облаче, затоа времето на теренот тука да се помери до 12:00 часот, а споредните улици да се метат и мијат машински;
- Оваа недела да се изврши комплетно ноќно перење на централната улица.

**Генерални задолженија и информации**
**24.04.2023**

1.Да се започне со перење на споредните улици со цистерната;
2. Да се види и започне со фарбање и уредување на просторот кај градскиот пазар ( кречење на сите површини);
3. Да се започне со уредување на ВЦ на градскиот пазар;
4. Да се види по однос на дадениот налог од Општина за работа со механизација по договорот од зимското одржување. Машините да се оставаат во селата каде што ќе бидат ангажирани, а за шоферите да се обезбедува превоз. Да не се губи време во возење на машините;
5. Да се види со Комуналното оделение по однос на обезбедување на цефки за кај доктор Жарко во село Конопница;
6. Да се види околу набавката на тримери,пумпи за наводнување и прскалки за косините;
7. Да се пробие патот до депонијата за инертен отпад;
8. Да се исчисти Долот Единство;
9. Да се профолжи постапката за нова организација на ЈП Комуналец;

**ЛУ Градски Музеј**

Задолженија за ЛУ Градски Музеј кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.04.2023 година

-Тековни активности

**24.04.2023 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**